ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2021 ГОДИНА
Подготвен од страна на
Антонио Поп-Иванов
“СТАНДАРД БИРО“ – СКОПЈЕ
Официјална сметководствена компанија на Олимпискиот комитет на Северна Македонија

Програмските активности кои Олимпискиот комитет на Северна Македонија ги реализираше во 2021 година, од финансиска гледна точка, донесоа позитивен тренд на динамика на имплементација на олимписката програма на Олимпискиот комитет на Северна Македонија.

ПРИХОДИ	**2021 година**	**%**
Приходи од донации и спонзорства		
Комерцијална Банка АД – “ваучер“	6.000.000	
Агенција за Млади и Спорт	3.700.000	
Европски олимписки комитети	19.394.607	
Меѓународен олимписки комитет	1.986.289	
Организационен комитет Токио 2022	901.714	
Cartan Tours Inc.	465.620	
Вкупно	32.448.230	81,15%
Приходи од стопанска активност		
Приходи од извршени услуги	7.535.704	18,85%
Вкупно приходи	**39.983.934**	**100,00%**
РАСХОДИ		
Спорт и спортски активности	26.487.506	77,19%
Плати	2.556.342	7,45%
Даноци и придонеси кон државата	1.815.337	5,29%
Струја	69.933	0,20%
Осигурување	936.090	2,73%
Одржување на деловен простор	514.912	1,50%
Амортизација на опрема	501.913	1,46%
Книговодствени и консултантски услуги	454.189	1,32%
Телефонија	321.823	0,94%
Гориво	304.634	0,89%
Наемнина на деловен простор	208.608	0,61%
Водовод и комунална хигиена	6.266	0,02%
Негативни курсни разлики	91.446	0,27%
Банкарски услуги и провизии	44.756	0,13%
Вкупно	34.313.755	100,00%
Расходи за стопанска активност		
Струја	1.950.848	
Вода	94.164	
Плати	2.303.317	
Даноци и придонеси кон државата	1.136.475	
Вкупно	5.484.804	
ВКУПНО РАСХОДИ	**39.798.559**	

Мора да напоменеме и дека ОКСМ за многу НСФ-и обезбеди донации од соодветните Меѓународни спортски федерации што е карактеристично за работа на ОКСМ со години наназад. ОКСМ обезбеди и реализира партнерски договори во износ од 400,000 евра, но во против услуги, а не во пари (готовина)! Тоа се услуги од строго наменски карактер, а се добиени како потреба за спортистите - (младински) кандидати кои можат да учествуваат на натпревари во организација на ОКСМ (подготовки, спортска опрема, стручна помош, едукација на стручен кадар и тренери, суплементација, исхрана, котизации, сместување, изнајмување на простории за собири и конференции, патувања и натпревар на врвните македонски спортисти, опоравок после тренинг и после повреда и сл.).

Како и секоја година, приходите односно финансиските ресурси како донации за реализација на програмските активности на ОКСМ, се реализирани преку блиската соработка со Меѓународниот и Европскиот олимписки комитет (ИОК и ЕОК) и Меѓународниот комитет на Медитеранските игри (МКМИ) и НОК-и со кои МОК има договор за билатерална соработка, но и преку блиската соработка со Меѓународните спортски федерации. Во делот кој станува се позначаен за ОКСМ, во однос на унапредување на спортот во Македонија односно во делот на партнерство и донации, Олимпискиот комитет на Северна Македонија бележи продолжен тренд на потпишување на договори со 10 (десет) правни ентитети од Република Македонија и од светот, кои се значаен дел од ТОП ТЕН маркетинг пулот на ОКСМ.

Секако значајна е и финансиската помош од државните институции односно од Агенцијата за млади и спорт (АМС) од која се добиени 3.700.000,оо денари (околу 60,000 евра) и "ваучер" во износ од 6.000.000,оо денари, износ наменет за подготовки на спортисти кои учествуваа на ОИ ТОКИО и ОИ ПЕКИНГ. Веруваме дека државата односно АМС ќе ја препознаат реалноста според која во Олимписките кандидати и евидентните олимпијци како и во Олимписката програма на ОКСМ, ќе мора да се вложуваат многу повеќе финансиски средства како би можеле да очекуваме многу подобри врвни спортски резултати.

Антонио Поп-Иванов
Стандардбиро ДООЕЛ

